REПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ
И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“
Бр.02-44/24
СКОПЈЕ
24.01.2017 год.

Врз основа на член 13 став 1 алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2015, 192/2015 и 231/2015), а во врска со член 66 став 4 од Статутот на Академијата („Службен весник на Република Македонија“ бр 56/2015), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 24.1.2017 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

## Член 1

Во Правилникот за континуирана обука („Службен весник на Република Македонија“ број 77/2015), во членот 7, ставот 7 се менува и гласи:

„Времетраењето на континуираната обука на судиите и јавните обвинители почнува да се пресметува на почетокот од календарската година и се определува според целната група на која тие ќе припаѓаат на првиот ден од тековната календарска година“.

## Член 2

Овој Правилник се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и на интернет-страницата на Академијата.

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“
Претседател на Управен одбор,
Лилјана Спасовска